ГРАД СКОПЈЕ

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Град Скопје

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за образование

**ПРЕТСТАВНИК:** Помошник раководител на Сектор за образование

**ПОВЕРЕНИК:** Претставник од Сектор за образование

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА
## за изменување на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2024 година

**Скопје, август 2024 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 ) Советот на Град Скопје, на ________седница одржана на ___________2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2024 година**

Член 1

Во Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2024 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 06/24) се вршат следниве изменувања:

1. Во глава III точка 2, вредноста за потпрограмските активности под број *2.1.2, 2.2 и 2.3* од 1.890.000 денари се заменува со 2.090.000 денари, а за потпрограмските активности под број 2.4.1, 2.4.2 и 2.4.3 вредноста од 630.000 денари се заменува со 430.000 денари.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службан гласник на Град Скопје“

Број _______________
__________2024 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
Трајко Славески Trajko Sllaveski

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) се предлага измена на Програмата за активностите на Град Скопје

од областа на средното образование во 2024 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 06/24) и тоа:

Потребата од измена на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2024 година во глава III Приоритети на Програмата, точка 2 во потточките *2.1.2, 2.2 и 2.3* произлегува од зголемениот број на ученици и наставници опфатени со овој проект. Имено за да може да се обезбедат награди за најуспешните наставници, за учениците кои освоиле прво место на значајни национални и меѓународни натпревари и олимпијади во знаење, за победниците по регионални натпревари (скопски регион) во различни наставни дисциплини вклучително и за нивните ментори, како и да се обезбедат стипендии за средношколци со попреченост од средните училишта на Град Скопје и да се реализира проектот „Зборувам на јазикот на мојот другар“, потребно е вредноста од 1.890.000 денари на ставка 464 да се зголеми и да изнесува 2.090.000 денари.

Додека пак потребата од измена на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2024 година во глава III Приоритети на Програмата, точка 2 во потточките во потточките 2.4.1, 2.4.2 и 2.4.3, а поради намален број на поднесени барања од страна на средните училишта на Град Скопје за обезбедување финансиска поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и активности од областа на меѓународната соработка потребно е вредноста од 630.000 денари на ставка 426 да се намали и да изнесува 430.000 денари.

Поради сето горенаведено, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за изменување на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование за 2024 година.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**